РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Бр. 02-331/5
21.2.2025 година
Скопје

Врз основа на член 2, став 7 и член 3 од Правилникот за распределба на средствата за информативни, културни, спортски, студентски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 525/2020, бр. 580/2021 и бр.__/2025), како и Одлуката донесена на 298. седница на Ректорската управа одржана на 21.2.2025 година, се распишува

**ИНТЕРЕН КОНКУРС**
**за распределба на средствата за културни, спортски активности и други манифестации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2025 година**

1. Со овој конкурс се распределуваат средствата наменети за културни и спортски активности и други манифестации.
   Реализацијата на Конкурсот ќе биде во согласност со Правилникот за распределба на средствата за информативни, културни, спортски, студентски сервиси и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**2. Корисници**

2.1. Учесници во културните и спортските активности и други манифестации, кои финансиски ги помага Универзитетот, се студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2.2. Право да се пријават на Конкурсот од областа на културата, спортот и други манифестации имаат факултетите во соработка со факултетските студентски собранија.

**3. Критериуми**

Критериуми за доделување на средства се:

3.1. Пријавените проекти по Конкурсот може да се однесуваат на активност организирана на ниво на универзитет или на ниво на факултет или студентите учествуваат на културни, спортски и други манифестации организирани од други субјекти.

3.2. Предност ќе имаат:
- проектите кои имаат поголема вклученост на студентите;
- проектите кои традиционално ги организираат единиците на УКИМ (летни школи, културни манифестации, спортски натпревари и друг тип на активности).

3.3. Предвидените активности да се од интерес на студентите, поврзани со организација или учество на уметнички и спортски активности и други манифестации, во насока на реализација на стратегиските цели на Универзитетот.

3.4. Во финансискиот план, најмалку 80% од средствата се наменети за набавка на стоки и услуги за организирање на спортски, културни активности и други манифестации.

**4. Финансирање**

4.1. Финансиските средства за реализација на проектот на сметка на единицата се префрлуваат по донесувањето на Одлуката за распределба на средствата за културни, спортски активности и други манифестации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2024 година, од страна на Ректорската управа.

4.2. Усвоениот Извештај за реализираниот проект на единицата од претходниот конкурс е услов за започнување на финансирањето по овој конкурс, но не подоцна од 31.12.2025 година.
4.3. Максималниот износ на вкупниот буџет по проект, за овој конкурс, изнесува до 120.000,00 денари.

## 5. Постапка и елементи на пријава на Конкурс

### 5.1. Постапка:

5.1.1. Пријавата на проект по овој Конкурс ги содржи елементите наведени во точка 6, од овој конкурс.

5.1.2. Пријавата на проект се доставува преку архива до Комисија за култура и спорт и електронски на следната е-адреса: odd.nauka@ukim.edu.mk

### 5.2. Елементи на пријавата на Конкурсот:

5.2.1. При пријавување на Конкурсот, единицата во соработка со факултетското студентско собрание доставува пријава на проект, со преглед на предвидени активности и финансиски средства (изготвен ИКСССА - Образец 1).

5.2.2. Комисијата за култура и спорт го задржува правото да побара дополнителна документација, доколку е потребно.

## 6. Рокови

6.1. Конкурсот трае 20 дена од денот на објавувањето.
6.2. Конкурсот се објавува на 21.02.2025 година и трае заклучно 12.03.2025 година.
6.3. Временски рок за доставување на Извештај за реализиран проект е согласно со временската рамка за реализација на активностите, наведена во пријавата за проектот, но не подоцна од една година од денот на префрлување на финансиските средства.

## 7. Елементи на Извештајот за реализација

7.1. Корисниците на доделените средства должни се доделените средства да ги трошат наменски согласно со Одлуката на Ректорска управа и во проценти согласно со искажаните проценти во ИКСА - Образецот 1.
7.2. Корисниците на доделените средства за реализација на проекти по овој Конкурс, согласно со рокот наведен во точка 5, се должни за секој реализиран проект да достават:
   - Извештај за реализиран проект, искажан во ИКСА - Образец 2, кој содржи наративен извештај за реализираните активности и обезбеден пристап до докази за истите и финансиски извештај за сите категории на искористени средства,
   - Прилог кон Извештајот, кој ги содржи сите докази за направените трошоци, во согласност со утврдените проценти по ставки (фактури, фискални сметки и други релевантни докази за наменско трошење на средствата).

7.3. Извештајот за реализација на проектот се доставува преку Комисијата за култура и спорт, до Комисијата за финансии, инвестиции и развој на Универзитетот. Одлука по усвоените извештаи донесува Ректорската управа.

## 8. Прилози:

8.1. Прилог на Конкурсот се:
- ИКСССА - Образец 1, со кој се поднесува Пријава на проект, со преглед на предвидени средства за реализација,
- ИКСССА - Образец 2, со кој се доставува Наративен извештај за реализиран проект и

- ИКСССА - Образец 3, со кој се доставува Финансиски извештај за реализиран проект.

**Ректорска управа**

**Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**